**ЗАПИСНИК**
**од 47–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 30.12.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, м-р Ивона Муфишева, м-р Емилија Јаневска, м-р Владимир Ѓорѓиески, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:35 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 18.12.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2020 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 22.12.2020 година.
4. Предлог – годишен план за јавни набавки во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТВ Ирис за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

6. Предлог за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.
7. Предлог-решение за запирање на постапка поведена по Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци поради повлекување на барањето.
8. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги со Предлог -одлука и Предлог – договор.
9. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за претплата на "Службен весник на Република Северна Македонија" за 2021 година, во печатена форма со Предлог-одлука.
10. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за Друштво за сателитска радио дифузија ЕРА САТ ДООЕЛ Скопје.
11. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за Радио дифузно друштво ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ.
12. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга.
13. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТРД ЏАНГЛ ТВ ДООЕЛ Скопје.
14. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТРД ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино.
15. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово.
16. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш.
17. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за Друштво за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 Струга ДООЕЛ (поранешно Друштво за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 Скопје ДООЕЛ).
18. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТРД БМ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.
19. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Предлог-записникот од првото продолжение на 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 18.12.2020 година.

Г-дин Фиданоски во врска со записникот предложи правописни корекции во дел од неговата дискусија. Имено на страна 7 од Записникот, предложи реченицата „ рече дека ќе биде малку поапдејтиран во однос на анегдотата што ја кажал г-дин Фетаи“ да се коригира во „рече дека ќе ја ажурира анегдотата што ја кажал г-дин Фетаи“, и на истата страна малку подолу зборот „по дифолт“ да се замени со „по автоматизам“. Потоа посочи дека кога се забележува гласањето, прво треба да се наведат гласовите кои гласале „за“ а потоа воздржаните гласови. Таа корекција беше во однос на точките 3 и 4.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува со двете предложени технички корекции. Во однос на забелешката за гласањето рече дека колку што се сеќава хронолошки прво беа кажани гласовите кои беа „за“ а потоа воздржаните.

Г-дин Трајчевски рече дека можеби во текот на дискусијата на седницата прво биле кажани гласовите кои биле воздржани и затоа така е забележано во записникот. Инаку се согласи дека прво треба да се забележат гласовите кои се „за“ и дека не е проблем тоа да се замени бидејќи ништо суштински не се менува.

Г-дин Петрушевски рече дека ова не е суштинска забелешка и за него е прифатливо.

Г-дин Фетаи рече дека не знае каде го гледаат овој записник бидејќи во доставените материјали не може да го најде.

Г-дин Петрушевски објасни дека Записникот од прво продолжение на 45-та седница е Точка 1 од Конечениот материјал.

Г-дин Фетаи рече дека има добиено конечен материјал за седницата од 288 страници.

Г-дин Петрушевски објасни дека сегашниот конечен материјал кој го разгледуваат содржи 493 страни.

Г-дин Фетаи рече дека тој материјал од 493 страници го нема добиено.

Г-дин Петрушевски му објасни дека Конечниот материјал со 493 страници е испратен во текот на вчерашниот ден во 10 часот и 2 минути кој може од интернет да се преземе преку доставениот линк.

Г-дин Фетаи рече дека за жал тоа не го направил. Сега е во дилема дали да го прифати записникот така како што е бидејќи не го разгледал и стои зад зборовите кои ги кажал. Но бидејќи тој материјал од 493 страни го нема, технички не успеал да го преземе од интернет, го праша г-дин Петрушевски дали може да се одложи оваа точка бидејќи Записникот од прво продолжение на 45-та седница не го прочитал или да го прифати таков како што е.

Г-дин Петрушевски објасни дека ако се одложи оваа точка треба да се одложат и точките 2 и 3 затоа што сите предложени записници се содржани во конечниот материјал.

Бидејќи записниците беа обемни службата не била во можност порано да ги подготви и ги испратила во Конечниот материјал вчера во 10 часот и 2 минути. За предлогот на г-дин Фетаи рече дека треба мнозинството на членовите на Советот да одлучат како да се постапи во овој случај.

Г-дин Фетаи рече дека е во дилема само за записникот каде што тој имал своја дискусија. За останатото не навлегува воопшто.

Г-дин Петрушевски му објасни дека станува збор за три записници а не за еден.

Г-дин Трајчев рече дека доколку г-дин Фетаи не успеал да го прочита записникот, колегијално е да му се даде можност да го погледне и нема никаков проблем да се одложи за следната седница.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Фетаи дали има нешто да каже во однос на предлогот на г-дин Трајчев.

Г-дин Фетаи рече дека му благодари на г-дин Трајчев. Објасни дека никогаш не приговара на предложените записници, но овој рече дека навистина е малку чувствителен и би сакал да го погледне за да не е нешто забележано како погрешно толкување, бидејќи речениците некогаш се двојни и не ја отсликуваат идејата која ја мислел а може да пишува поинаку. Предложи доколку не пречи, а рече дека не пречи во работата, дека би било добро да се одложи и на идната седница да се усвои.

Г-дин Петрушевски објасни дека во материјалот кој г-дин Фетаи вели дека го има од 288 страници недостасуваат точките 1, 2 и 3 бидејќи службата сè уште ги работела. Г-дин Фиданоски самиот кажал дека бил во Агенцијата и го праша дали е така за да се појасни ситуацијата.

Г-дин Фиданоски одговори дека бил во текот на вчерашниот ден и за Записникот од 45 седница ги вградил на лице место забелешките со вработената од одделението за поддршка на работата на Советот бидејќи имал можност и време.

Г-дин Петрушевски рече дека ова што го кажал г-дин Фиданоски се поклопува со она што тој го кажал дека службата сè уште работела на записниците и ги испратила подоцна. Но г-дин Фетаи очигледно не успеал да го симне линкот а г-дин Трајчев предложил да се одложат записниците и рече дека со с ила да се усвојуваат не би било во ред.

Г-дин Фиданоски рече дека не е спорно може да се одложат записниците и на прва наредна седница да се усвојат за да му се остави простор на г-дин Фетаи да ги разгледа затоа што во два од тие записници имаше дискусии со чувствителни теми и претпоставува дека сака да провери дали е пренесено така како што дискутирал.

Г-дин Петрушевски рече дека дискусијата од оваа седница ќе влезе во Записникот. Предложи, по барање на г-дин Фетаи бидејќи не успеал технички да го симне конечниот материјал, да се одложат точките 1, 2 и 3 за прво продолжение на денешната 47-ма седница која најверојатно ќе се одржи на почетокот на 2021 година. На прашањето дали некој е против овој предлог членовите на Советот немаа забелешки.

**Точки 2 и 3**

Г-дин Петрушевски по барање на г-дин Фетаи, бидејќи технички не успеал да го преземе конечниот материјал, Точките 2 и 3 ги одложи за прво продолжение на 47-та седница.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог – годишниот план за јавни набавки во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, рече дека го разгледал, лично нема никакви забелешки и ќе го поддржи како што е предложен. Отвори дискусија по Планот за кој рече дека во него е се детално опишано, со назнака кои набавки се за временски период од една година, а кои за две. Објасни дека предлогот за Годишниот план за јавни набавки Советот го одобрува, не го носи, туку со заклучок Советот дава одобрување.

Г-дин Трајчев рече со оглед на тоа што ова е битна работа и тие како Совет треба да имаат увид во овие набавки, побара од страна на директорот или Стручната служба да се објаснат сите ставки, а забележа дека има и нови ставки.

Г-дин Петрушевски рече дека за него ова е техничка работа, според него нема некоја голема стручност во ова и затоа не побарал вовед од директорот и остави на г-дин Трајчевски дали тој или вработени од службата ќе дадат објаснување за Годишниот план.

Г-дин Трајчевски објасни дека 95% од сите наведени набавки се стандардни и се спроведуваат секоја година. За точката 5 „набавка на ИКТ опрема" рече дека во различни години се набавува различна ИКТ опрема и тоа точно ќе биде наведено во техничката спецификација кога ќе биде изработена тендерската документација. Исто така посочи дека се изработуваат различни видови на студии секоја година, не се повторуваат истите. На пример следната година ќе се изработи Студија за можностите за воведување на дигитално радио. Тоа Агенцијата го прави првпат бидејќи е прашање кога ќе следи дали во 2021-ва или една година подоцна воведување на дигитализација и во делот на радијата кои сега емитуваат програма на FM. Нова Студија е Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2. Во 2013 година се воведе DVB-T2, од аналоген сигнал се преjде на дигитален, таа е нова анализа што ќе се прави првпат. Понатаму објасни дека има нова ставка која минатата година ја немаше а тоа е изработка на документ менаџмент односно систем за автоматско управување со документи. Сите други ставки се исти од претходната година, со тоа како што кажал и минатиот пат кога се усвојуваше финансискиот план, еден дел од нив се доста намалени во однос на претходните години бидејќи се планира во првите 6 месеци од следната година ситуацијата да биде иста како во 2020 година во однос на патувања, авионски билети, сместување во странство и затоа сумите се намалени. Останатите ставки како мобилна телефонија, фиксна телефонија, одржување на веб страницата на Агенцијата, миење на возила, се стандардни како и секоја година. Нови се како што кажал двете анализи, а конкретно за секоја јавна набавка ќе се дискутира на седниците на кои ќе бидат предложени и тогаш ќе се дискутира за предлози, забелешки и

идеи во однос на тоа што е таа јавна набавка и како би можела да биде подобрена во случај да има предлози од страна на членовите на Советот, што е стандардна процедура.

Г-дин Петрушевски повтори дека детално го прочитал планот и видел дека е така како што кажал директорот, повеќето се стандардни набавки а според него и новите ставки се во ред, така што го поддржува во оваа форма и нема забелешки. Објасни дека е задоволен што има двегодишни набавки, тоа е олеснување за службата и олеснување за следниот состав на Советот што ќе дојде после нив во текот на 2021 година.

Г-дин Фетаи рече дека начелно не навлегува за точката и нема материјали во детали за потребата и се согласува со овој годишен план за јавни набавки, за кој рече дека е потребен за функционирање на Агенцијата како институција. Посочи дека уште еднаш ќе го напомене она што го кажувал и на минатите седници доколку се сеќаваат и сака да влезе во записник. Објасни дека принципиелно е против оние набавки кои се за период од 2 или 3 години. Забележал дека во годишниот план има 17 ставки кои се предвидени за 2 години како набавка на гориво, одржување на хигиена, средства за хигиена и слично. Не се согласува со тоа да се оди на 2 години поради друга причина. На сегашниот состав на Советот им истекува мандатот во седмиот месец на 2021 година и не гледа причина следниот состав на Советот, идните колеги да размислуваат со раководењето на институцијата со готови јавни набавки кои се можни да се реализираат и следната година. Што се однесува до олеснување на работата на Стручната служба, рече дека ова не е некоја страшна работа, ќе седнат да го сработат, теркот го имаат и ќе објават нов оглас, тоа им е работа во таа насока. Единствено што му изгледа малку не логично, не е економист, можеби има оправданост, но лично негово мислење е дека овие набавки може да бидат на една година. Принципиелно ваквите предлози не ги поддржува, но да не испадне дека има нешто специјално против, рече дека ќе го поддржи како целина и одговорноста нека остане не тие кои ги предлагаат ваквите предлози кои се на 2 години.

Г-дин Трајчевски објасни дека дел од набавките што се на 2 или 3 години се стандардни набавки како фиксна телефонија, мобилна телефонија, гориво, и кај тие јавни набавки цените драматично се намалуваат во однос на тоа ако се склучи договор на 1 години. Во таа насока рече дека не може да се водат од тоа дека на некој ќе му истече мандатот и заради тоа Агенцијата да склучи договори со повисоки цени. Кај горивата на секои две недели цената ја утврдува Регулаторна комисија за енергетика. Не можат апсолутно да влијаат во однос на тој дел така што секогаш во пракса со договори на подолг временски период се постигнуваат пониски цени. Појасни дека јавните набавки кои се на 2 или 3 години и претходно биле на таков период. Принципиелно право е на секој од членовите на Советот да се согласува или да не се согласува односно да има свој став во однос на тоа дали договорите треба да бидат склучени на една или повеќе години.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за објаснувањето и рече неколку години се зборува station наназад во јавноста од разни субјекти дека само што не е сменет Советот. Последниот конкурс беше 2019 година и истечен е, за неколку денови ќе биде 2021 година и сè уште е истиот состав. Датумот што го кажал г-дин Фетаи во јули 2021 година му е логичен за да бидат сменети, мисли дека е правичен, на 02.07.2021 година тогаш им истекува мандатот, но гледајќи го Собранието колку е сложно не е сигурен дека следната година ова време нема да го прават истиот разговор. Она што го кажал директорот и тој го

велел повеќе пати дека тој како државен службеник се става во позицијата на Стручната служба, секогаш сака две или три годишни набавки затоа што помалку работа е за него како државен службеник и цените се пониски, тоа е најважното. Секогаш кога се склучува договор со Телеком или со А1 на две години, даваат дури и награди мобилен телефон а тоа не го даваат за една година. Од таа причина рече дека останува на истиот став.

Г-дин Фетаи рече дека верува за кажаните причини за склучување на договори за 3 години, но гледа миење на возила или нешто слично значи можеби некаде има сериозна причина што ја кажуваат и верува, но можеби некаде и нема. Но рече дека ќе го поддржи предлогот со неговите забелешки, и дилемите кои ги има остануваат и понатаму дека во некои набавки може да се оди и со една година.

Г-дин Петрушевски констатира дека г-дин Фетаи вторпат кажал дека ќе гласа „за" предложениот годишен план за јавни набавки, така го разбира тоа.

Г-дин Трајчев рече дека ќе се надоврзе за првиот дел од дискусијата на г-дин Фетаи и на дискусија на г-дин Петрушевски во однос на повеќе годишните набавки. Во врска со тоа дека Стручната служба помалку ќе работи, смета дека тоа не треба да биде аргумент, треба да работи онолку колку што треба. Во однос на цените се согласува дека со повеќе годишни набавки генерално се добиваат пониски цени, но треба да се има предвид кога се даваат предлозите во природата на набавката понекогаш цените паѓаат како на пример мобилната телефонија која беше спомната или некои други набавки. Ако се склучи договор за две години, во моментот може да се добие пониска цена но во втората година цената по природата на дејноста да падне. Затоа во такви случаи можеби е подобро да биде на една година. Затоа е добро Агенцијата да прави темелна анализа за претходните цени и понуди и промени на цените. Кога се објавува набавката се задржува генералното правило да со повеќе годишна набавка се добијат пониски цени да биде две годишна или три годишна, но доколку постои можност тие цени да варираат, односно да одат надолу, тогаш секогаш е подобро да се има едногодишна набавка. Во врска со предложената точка рече дека сега не утврдуваат потреба од набавка како Совет и треба да има некое образложение за потребата, нормално во понатамошниот тек на работата за секоја набавка посебно може да се дискутира конкретно, но сега за утврдување на потребата побара од директорот по конкретно да објасни за ставките 28, 29, 32, 41 и 46. Да даде едно подетално објаснување за потребата.

Г-дин Трајчевски објасни дека јавните набавки се целосно оставени на раководителите на Секторите и рече дека треба да погледне дали тој може да даде објаснување или ќе побара од раководителите. Точка 46 „Услуга од приватна агенција за вработување" рече дека станува збор за Агенција за времени вработувања преку која што најголемиот дел од ангажираните соработници преку оваа Агенција се ангажираат за време на изборен процес и тоа е набавка што се прави секоја година и обично таа доаѓа во месец април кога истекува тој договор. Објасни дека износот е релативно висок но многу мал дел од оваа сума Агенцијата искористува и обично оваа сума ја плаќа Министерството за финансии како обврска од Изборен законик. Меѓутоа има пракса да Изборниот законик се менува континуирано повеќе пати дури некогаш и пред самите избори и се доделуваат дополнителни активности кои што Агенцијата ги немала како што е за последниот изборен процес да мора да мониторира и платено политичко рекламирање, а тоа Советот го усвои

на минатата седница за општините Штип и Пласница. Кога беа предвремените парламентарни избори се бараше значителен број на ангажман на дополнителен број на соработници. За Точка 41 „Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици“ објасни дека тоа е обврска од ЗААВМУ, Агенцијата да врши мерење на гледаноста и слушаноста на радио и телевизиските станици. Таа обврска Агенцијата ја има со Законот што се донесе во декември 2013 година а почна за првпат да се прави од 2015 година со јавна набавка и квартално се добиваат извештаи. Согласно Законот пишува досег на радиостаниците и уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, а тоа е всушност за радијата и телевизиите колкава е нивната гледаност односно слушаност. Сумата е таа но претходните две години за оваа јавна набавка сумата доста се намалувала околу милион и сто или милион и двесте илјади денари. Точка 32 „Пренос на податоци од далечинските локации“ , тоа е софтверот во кој се внесуваат податоците за време на изборите како и за редовниот мониторинг што го прави Секторот за програмски работи. Точка 29 „Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема“ набавката е за 2 години и Точка 28 „Одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ“ е за опремата што ја има добиено Агенцијата како дел од ИПА проектот во кој Агенцијата учествуваше со 25%. Оваа набавка минатата година се подели на два дела бидејќи неколку пати се објавуваа тендери и не можеше да се најде фирма што можеше да го одржува хардверот и софтверот и затоа се подели хардверот да оди посебно и софтверот посебно да се одржува. Сега одат како две посебни јавни набавки.

Г-дин Петрушевски му се заблагодари на директорот за стрпливото и детално објаснување.

Г-дин Трајчев рече дека неговата идеја на објаснувањето е за она што се спомнало претходно дека цената паднала и можеби ставката треба да биде пониска ако искуството е такво дека се добила пониска цена. За точките 28 и 29 му беше прашањето повеќе од претходно добиени вредности, дали треба да стојат овие вредности или пониски. Се извини што претходно ја пропуштил ставка 11 „Систем за автоматско управување со документи“ како нова ставка и побара подетално објаснување за системот што се планира да се воведе и за ставка 43 „Истражување на мислењето на публиката“.

Г-дин Петрушевски рече дека тој ова барање на г-дин Трајчев го оценува како претерано, навистина рече вака да се малтретира директорот не видел на друга седница. Планот го имал, можел да го прочита, седум години е член на Советот на Агенцијата и остава на директорот дали ќе објасни или не. Тој да е на негово место не би му објаснил.

Г-дин Трајчев му се обрати на г-дин Петрушевски и го замоли да не ја злоупотребува неговата функција на претседател на Совет и да не дава такви тези. Тоа е негово лично право како член на Советот да праша. Овде тие гласаат за утврдување на потреба, независно колку време се членови на Советот. Посочи дека директорот е должен да ги објасни ставките, во материјалот не се доволно објаснети туку се дадени како утврдени потреби. Има прашања и бара одговори и ако се бара да се гласа ќе мора да добијат објаснување. Воопшто не е злоупотреба, злоупотребата е од негова страна што на овој начин ги коментира правата на членовите на Советот. Му рече дека нема право како претседател да зазема такви ставови, да дава такви квалификации и мислење, како

еднаков меѓу сите нив, неговата улога е да ги води седниците и побара директорот ако може да даде одговор за новата ставка 11 и за ставката 43.

Г-дин Петрушевски рече дека сите членови на Советот имаат право на свое мислење и затоа и тој го кажал неговото како член на Совет. Исто така најави дека на барање на г-дин Фетаи е вклучен на интерфон од неговиот мобилен апарат затоа што тој ја изгубил интернет конекцијата. Г-дин Фетаи ќе слуша преку неговиот мобилен се што се зборува и ако не воспостави интернет конекција ќе зборува преку неговиот мобилен телефон.

Г-дин Трајчевски во однос на ставка 43 „Истражување на мислењето на публиката" рече дека е стандардна набавка што се изработува можеби не секоја година но многу пати наназад, и на која на многу прашања се добиваат одговори бидејќи тоа е неопходно за планираните активности на Агенцијата и за спроведување на обврските што ги има АВМУ. Понекогаш со ова истражување на мислењето на публиката се добива и во наводници замолница од други институции. Минатата година кога се изработуваше, имаше барање од Комисија за заштита на конкуренција за прашања кои што им се и на нив исто битни за одлучување да бидат составен дел од ова истражување за да можат и тие да добијат одговори на одредени прашања. Појасни, бидејќи сите се државни институции и кога веќе се прави истражување може да се помогне и да се добие поширока слика за одредени прашања. Ова не е некое ново истражување, а ваквите истражувања што досега се направени ги има објавено на веб страницата на Агенцијата во делот на „Публикации/Анализи" со детали како биле спроведени минатите години. Во врска со точка 11 „Систем за автоматско управување со документи", објасни дека тоа е еден нов современ систем за управување со документи во институцијата и е предлог од Секторот за ИТ. Подетална спецификација ќе биде доставен на увид во моментот кога ќе биде предложена јавната набавка. Објасни дека сега не е присутен раководителот на Секторот за ИТ Арбен Саити но може во писмена форма да им даде објаснување односно она што Арбен Саити го има пратено како раководител до него за оваа ставка да влезе во Планот за јавни набавки. Појасни дека уште во текот на работниот ден може да им се достави барањето од Секторот за ИТ за оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Фетаи најавил дека веќе воспоставил интернет конекција и затоа го исклучил од неговиот мобилен телефон.

Г-дин Фиданоски замоли сите да бидат потрпеливи на седница. И тој мисли дека како членови на Совет може да поставуваат прашања и треба да прашаат сè што ги интересира за да добијат одговори врз база на кои ќе донесат нивен сопствен заклучок како да се произнесат по таа точка. Исто така рече дека сакал да праша за Точка 43 односно дали станува збор за едно или повеќе истражувања во текот на идната година?

Г-дин Трајчевски одговори дека треба да ја праша раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, но смета дека е едно истражување за ставовите за публиката и ако би биле повеќе истражувања би биле и повеќе јавни набавки и затоа смета дека станува збор за едно истражување. А темата и прашањата кои ќе бидат опфатени ќе бидат утврдени од страна на тој Сектор и на потребите на другите сектори.

Г-дин Фиданоски рече дека најверојатно износот што е даден во Планот е горна граница кој може да се намали со набавката и верува дека така ќе биде, затоа што вака првично му личи дека е поприлично висок за едно истражување и затоа прашал дали се повеќе, но верува дека на крајот кога ќе се носи одлуката за ваквото истражување ќе има и адекватна односно пониска цена од предвидената.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да го донесе Годишниот план за јавни набавки во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Годишниот план за за јавни набавки во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТВ Ирис за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека станува збор за извештај од контролен административен надзор. На 29 септември оваа година за непочитување на член 14 од Законот за медиуми Советот на ТВ Ирис му изрече мерка писмена опомена со рок на усогласување од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка. Со контролниот надзор што е реализиран на 15 декември, по истекот на 45-те дена, секторот констатираше дека медиумот не постапил по решението за изрекување јавна опомена и повторно ги врши истите повреди на член 14 од Законот за медиуми а тоа е обврската за објавување импресум. Со надзорот е утврдено дека во трите изданија на вести во анализираниот ден како и во едно издание на „Неделно интервју“ преземено од Радио Слободна Европа не се објавени податоците за импресум. Оттаму согласно Законот се предлага да се поведе прекршочна постапка.

Г-дин Трајчевски објасни дека раководителката Јаневска може да објасни дека и во други денови се проверуваше дали медиумот оваа обврска од Законот ја почитува, со цел дека можеби само овој ден се направил пропуст но се констатира дека на програмата и во другите денови не се почитуваше обврската од член 14.

Раководителката Јаневска го потврди објаснувањето на директорот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр. 10-4701/1 од 25.12.2020 година.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 14 од Законот за медиуми, телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, на 15 декември 2020 година, во изданијата на емисијата „Ирис вести“ и во емисијата „Неделно интервју“ преземена од Радио Слободна Европа не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлогот за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, објасни дека Советот за вакво прекршување првпат ќе одлучува, барем не се сеќава во последните 8-9 години да имало ваков случај. Обврската на ОЈЈЕКМ да ги пренесуваат програмските сервиси на јавниот сервис е обврска по Закон. Но оваа година се воведоа и нови сервиси „МРТ 4“ и „МРТ 5“, што овој кабелски оператор не ги пренесува. Објаснувањето на операторот е дека е сателитски оператор и финансиски го чини премногу, илјадници евра, за да ги качи овие канали на сателит и да ги реемитува. Кажува дека законското решение е несреќно, дека ќе бараат измена на Законот и дека тоа ќе го докажуваат во судска постапка. Посочи дека Агенцијата е должна да го почитува Законот. Направен е еднаш надзор и беше констатирано дека не ги емитува програмските сервиси „ МРТ 4“ и „МРТ 5“, и изречена му е јавна опомена. Потоа се направи контролен надзор и по дадената опомена од Советот тој повторно не ги реемитува програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „ МРТ 4“ и „МРТ 5“ и од таа причина се предлага да се поведе прекршочна постапка против ТОАТАЛ ТВ.

Г-дин Фетаи рече дека ова е навистина прв случај и му е драго што Агенцијата реагира до операторот во смисла дека треба да ги реемитува програмите на јавниот сервис. Сите знаат дека јавниот сервис е должен да ги емитува сите тие програми без разлика дали имаат гледаност или не, во поглед на културата, традицијата, програми за помалите заедници, потоа емитување на сериозна музика и слично. Овој случај е конкретен зошто се потребни јавните институции што го штитат интересот. Операторите рече, без да го намали интересот на приватниот капитал, но приватниот капитал има потесна димензија во смисла на јавниот интерес. Тие се контролирани од тоа дали има профит, дали имаат гледаност, дали нешто е исплатливо. Јавниот сервис не гледа дали е профитабилно, тие имаат законска обврска и за дополнителни програми кои се воведени минатата година, што е збогатување на можноста за промоција на сите вредности во општеството. Драго му е дека Агенцијата, директорот и службите реагираат во оваа смисла да им докажат на нив кои заработуваат милиони евра па нека потрошат неколку илјади евра за да ги реемитуваат овие канали на јавниот сервис, кои се законски оценети дека има публика за нив. И драго му е дека во тој задолжителен пакет кои мораат да го реемитуваат, сега влегуваат и овие канали на јавниот сервис. Убаво е чувството што Агенцијата во оваа смисла го реализира сето тоа. Му се обрати на директорот и рече дека треба да се следи ова и кај другите оператори за да не испадне дека непочитувањето е забележано само кај овој оператор. Тој дома е вклучен кај еден кабелски оператор во Скопје север во населбата Чаир и тој ги има сите овие канали „МРТ 3“, „ МРТ 4“ и „МРТ 5“, и кој сака може да ги гледа.

Г-дин Трајчевски рече дека Агенцијата ја следи работата односно реемитувањето кај сите кабелски оператори. Но објаснувањето на овој кабелски оператор е дека од технички причини за нив тоа е тешко изводливо и премногу скапо. Додека кај другите

кабелски оператори во државата таков проблем не е регистриран, доколку се констатира ќе биде спроведена соодветна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр. 11-4620/1 од 21.12.2020 година.

Советот едногласно заклучи против операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор констатирано е дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2", „МРТ 3", „ МРТ 4" и „МРТ 5", што е спротивно на член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за запирање на постапка поведена по Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци поради повлекување на барањето. Објасни дека имаше кандидат со барање за доделување дозвола за наведениот конкурс. Информира дека причините се непознати, како што го доставил барањето, уште не се успеа да се прегледа дали документацијата е комплетна, подносителот го повлече барањето. Оттука следи Советот да констатира дека се запира постапката за доделување на дозвола затоа што самиот субјект го има повлечено барањето.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на постапката за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци поведена по писменото Барање од заинтересирана страна, правното лице Друштвото за маркетинг и услуги Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година, поради доставеното Барање Уп1 бр.08-430 од 24.12.2020 година од заинтересираната страна за повлекување на Барањето Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги со Предлог -одлука и Предлог – договор, објасни дека последните неколку години со адвокатската куќа која е ангажирана за оваа намена Агенцијата има одлична соработка, многу помагаат и многу случаи кои што Агенцијата не можеше да ги добие се добиени, така што многукратно се исплаќаат средствата кои што и се исплаќаат на адвокатската куќа, посебно за судските рочишта надвор од Скопје кои ја водат адвокати од таа адвокатска куќа а Агенцијата нема никакви финансиски трошоци.

Раководителката на одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева објасни дека на 31.12.2020 година престанува склучениот договор за набавка на адвокатски услуги со адвокатската канцеларија Златко Колевски поради истекот на периодот за кој е склучен. Со оглед дека потребата од набавка на овие услуги постои и за 2021 година, Секторот за правни работи подготви информација во која се елаборираше исполнувањето на склучениот договор со образложение околу професионалното, стручното и ажурното постапување на Агенцијата при застапување на интересите на Агенцијата, потоа реализација на правната помош, правните мислења, совети и толкувања на прописи, застапувања по предмети кои според оценка на Агенцијата се од поголемо значење и правна помош по предметите при надлежните судови. Во информацијата, Секторот за правни работи меѓу другото ги образложи и сите реализирани активности кои се ставени и во самата одлука која е во материјалите на седницата. Исто така беше доставено и барање од Секторите кои ги користеа услугите од адвокатската канцеларија кои во позитивна насока одговорија околу тоа колку и на кој начин биле задоволни од соработката со канцеларијата и од услугите кои им биле дадени во текот на годината. Врз основа на сето тоа беше поднесена информација до директорот која е одобрена.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука за одобрување на финансиски средства во износ од 369.000,00 денари (без вклучен ДДВ), за набавка на адвокатски услуги за 2021 година.

Агенцијата да склучи договор за набавка на адвокатски услуги со кој ќе се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

Горенаведените средства се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година.

**Точка 9**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за претплата на "Службен весник на Република Северна Македонија" за 2021 година, во печатена форма објасни дека станува збор за единствен понудувач на оваа услуга во државата и нема друга можност.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука за одобрување на финансиски средства за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за претплата на „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2021 година, во печатена форма, 1 (еден) примерок, за периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, во вкупен износ од 12.200,00 денари, со пресметан ДДВ.

Одобрените средства за претплата на „Службен весник на Република Северна Македонија“, за 2021 година, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.

**Точки од 10 до 18**

Г-дин Петрушевски во врска со точките од 10 до 18 објасни дека имаат идентична основа. Предложи директорот и службата да ги објаснат основите за сите наведени точки а потоа Советот поединечно да гласа за секоја од нив. Праша дали некој има против на овој предлог?

Членовите на Советот немаа против.

Г-дин Трајчевски објасни дека со ревизорскиот извештај што беше изработен од независниот ревизор и кој е доставен до Собрание за 2019 година беше со забелешка од ревизорот дека овие побарувања не можат да се наплатат а се во билансите на Агенцијата и се создава не реална финансиска слика за работењето на Агенцијата. Посочи дека независно од тоа што се бара одлука за отпис, доколку во иднина се утврдат финансиски средства, хартии од вредност, средства во банка или било каков имот на овие компании или сопственици Агенцијата ќе може да ги наплати.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека се работи за долгови кои што се повеќе годишни и за кои има поединечно детално образложение за секое од нив. За да се наплати долгот се преземени сите мерки кои ги дозволува правниот систем во нашата држава. Но досега не се успеа да се наплатат тие долгови. Во крајната инстанца се преземаа и извршители но и тие не успеаја да ги наплатат. Сите овие долгови преставуваат лажна слика бидејќи ги има во билансите на Агенцијата, дека се долгови кои се очекува да се наплатат но воопшто нема реална можност да се наплатат. Овие субјекти има и во самите материјали за сите нив, веќе повеќе години се замрени и воопшто нема траг за нив. Има оставено само еден субјект кој беше вклучен во групата на ревизорот, тоа е Југ ТВ бидејќи тамо има преку извршител преземање од управителот секој месец по 2 илјади денари од неговата пензија за наплата на долгот кој го има кон Агенцијата, но и тоа нема да се наплати во голем износ бидејќи тој долг е голем 1 милион и 800 илјади денари но се наплаќа по 2 илјади месечно. Овие сите долгови реално не можат да се наплатат бидејќи нема од кого.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија и објасни дека членовите на Советот може општо да дискутираат или за секоја поединечно за 9-те одобрувања, да поставуваат прашања или дискусија.

*Гласање по Точка 10*

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Друштвото за сателитска радио дифузија ЕРА САТ ДООЕЛ Скопје, во износ од 1.902.441,00 (еденмилиондеветстотиниидвеиљјадиичетиристотиничетириесетиеден) денар.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 11*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Радио дифузното друштво ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ, во износ од 208.640,00 (двестеиосумилјадиишестотиниичетириесет) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, во износ од 27.087,00 (дваесетиседумилјадииосумдесетиседум) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 13*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радиодифузно друштво „ЏАНГЛ ТВ“ ДООЕЛ Скопје, во износ од 8.888.456,00 (осуммилиониосумстотини осумдесетиосумилјадичетиристотинипедесетишест) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 14*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА-ЛГН експорт–импорт ДОО Неготино, во износ од 12.967,00 (дванаесетилјадиидеветстотинишеесетиседум) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 15*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, во износ од 39.010,00 (триесетидеветилјадиидесет) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 16*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, во износ од 6.298,00 (шестилјадидвестедеведесетиосум) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 17*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 Струга ДООЕЛ (поранешно Друштво за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје), во износ од 2.424.067,00 (двамилиончетиристотинидваесетичетириилјадиишеесетиседум) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

*Гласање по Точка 18*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радиодифузно друштво БМ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во вкупен износ од 7.227.920,00 (седум милионидвестедваесетиседумилјадиидеветстотиниидваесет) денари.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2020 година.

**Точка 19**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-368/1**
**28.01.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**